**20150170346**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија“ број 138/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ИЗРЕЧЕНАТА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ЗАШТИТА - ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОСЕТУВАЊЕ СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА СТОРИТЕЛИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на извршувањето на изречена привремена мерка за заштита – задолжително посетување советувалиште за сторители на семејно насилство.

Член 2

Советувалиштето за сторители на семејно насилство (во натамошниот текст: советувалиштето), ја извршува изречената привремена мерка за заштита – задолжително посетување соодветно советувалиште на начин што сторителот на семејно насилство го влучува во Програма за психо- социјален третман на сторители на семејно насилство (во натамошниот текст: програмата), изготвена од Заводот за социјални дејности.

Советувалиштето, психо - социјалниот третман на сторителот на семејно насилство го врши согласно програмата, а во насока на промената на однесувањето на сторителот и тоа:

- спречување на насилното однесување на сторителот на семејно насилство;
- воспоставување на самоконтрола на сторителот на семејно насилство над своите емоции и однесување;
- стекнување увид во сопственото насилно однесување и прифаќање на одговорност за него;
- учење на социјални вештини со кои сторителот може да го промени своето однесување и усвојување на ненасилни обрасци на однесување; и
- промена на вредностите во семејните односи.

Член 3

Извршувањето на изречената привремена мерка за заштита – задолжително посетување соодветно советувалиште се извршува во советувалиштето, кое се наоѓа во местото на живеалиштето односно престојувалиштето или кое е најблиску до местото на живеалиште односно престојувалиште на сторителот на семејно насилство (во натамошниот текст: сторител), односно во кое е упатен од страна на центарот за социјална работа (во натамошниот текст: центар).

Член 4

Привремена мерка за заштита – задолжително посетување советувалиште за сторители на семејно насилство се извршува веднаш по добивањето на решението за изрекување на привремената мерка за заштита, односно во рокот определен во решението за изречена привремена мерка за заштита – задолжително посетување советувалиште за сторители на семејно насилство.

Од страна на советувалиштето, сторителот се известува да се јави на одреден датум за отпочнување на психо-социјалниот третман .

Од страна на стручните лица во советувалиштето веднаш, а најдоцна во рок од пет дена од датум за отпочнување на психо-социјалниот третман се известува надлежниот центар, доколку сторителот не се јави на закажаниот термин.

Член 5

Од страна на стручните лица во советувалиштето, согласно програмата се врши проценка на подготвеноста и можноста за вклучување на сторителот во третманот на советувалиштето.

Од страна на стручните лица во советувалиштето, веднаш писмено се известува надлежниот центар, доколку сторителот не ги исполнува предусловите за вклучување во програмата, врз основа на направената проценка од став 1 на овој член.

Член 6

Од страна на стручните лица во советувалиштето се прави проценка на ефектите од спроведувањето на психо - социјалниот третман во насока на промената на однесувањето на сторителот.

Доколку стручните лица од советувалиштето оценат дека заради нередовно присуство и неизвршување на обврските од страна на сторителот или дека од други причини третманот не резултира со промена на однесувањето на сторителот, се прекинува третманот и писмено се известува центар кој го следи извршувањето на изречената привремена мерка за заштита.

Член 7

Од страна на стручните лица во советувалиштето за спроведениот психо - социјален третман, ефектот од психо - социјалниот третман и промената на однесувањето на сторителот и се известува центарот кој ја следи изречената привремена мерка за заштита.

Член 8

Во советувалиште за работа со сторители, се врши и психо - социјален третман на сторители, упатени од центарот, како и на осудени лица на кои им е изречена условна осуда со заштитен надзор со обврска - посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-925/1
30 јануари 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.